Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 10-34
12.01.2024 год
ВИНИЦА

# Јавен повик

Општина Виница оваа година ќе ја реализира манифестацијата „Спортски асови за 2023 година".

Врз основа на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2024година, Општина Виница објавува Јавен повик за предлагање на кандидати за избор на:

- спортист,
- спортска екипа,
- тренер и
- спортски работник за 2023 година.

Право на учество во изборот имаат сите спортисти, спортски работници и екипи, од клубови со дејност спорт, кои се регистрирани во Општина Виница.

При пријавувањето е потребно да се доставаат податоци за постигнатите резултати и копии од добиените признанија за освоени места (од турнир, државни и меѓународни натпревари), и фотокопија од клубската легитимација.

Рокот за пријавување е до 26 јануари 2024 година, а документите се доставуваат до Одделението за општи и јавни дејности преку Едношалтерската канцеларија во Општина Виница.

Телефони за контакт: 074/248-033

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ВИНИЦА